**15.12.2020 .** 


**.** По повод одбележувањето на Меѓународниот ден на човекови права, Младински културен центар - Битола, во соработка со Општина Демир Хисар, организира Проекција на филм и дебата. Проекција на игран филм „Esta Todo Bien“ (Сè е добро) од Венецуелска продукција и модерирана дискусија за темата на филмот со присутните на проекцијата. Модератор на дискусијата е д-р Билјана Гагачовска, директорка на Клиничката болница Битола.

Филмот е со субтитл на англиски јазик, затоа е потребно посетителите да имаат основно познавање на англискиот јазик.

МКЦ - Битола го организира настанот во партнерство со Фестивалот на филм за човекови права “Movies That Matter” од Хаг, Холандија и со поддршка на Холандската амбасада во Република Северна Македонија.

Настанот ќе биде организиран по сите протоколи за заштита од Ковид-19: задолжителна онлајн регистрација за посетителите, мерење на температура и дезинфекција на раце при влез, носење на заштитна маска и одржување на физичка дистанца.

Ви прилог, линк за регистрација за бесплатен влез за филмската проекција:
**https://forms.gle/Cmz4Qyg8as9foVVa6**

.

**Датум: петок, 18 декември, 2020 година**

**Почеток: 13.00 часот**

**Локација: Конференциска сала во СОУ „Крсте Петков Мисирков“, Демир Хисар**